Република Македонија

**ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР**

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
e - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 13**

**24.09.2014**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за престанок на мандатот член на совет на општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за престанок на мандатот на член на Совет општина Демир Хисар за советник Гоце Мицковски донесено на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/1** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**231.** Врз основа на член 46 став 1 алинеја 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ бр. 5/02“) член 67 став 1 алинеја 4 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.3/02) , а по барање на Гоце Мицковски од Сопотница вработен во ЈОУД „Втори Септември“ Демир Хисар , Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.09.2014 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За претстанок на мандатот на член на Совет на Општина Демир Хисар**

1.На Гоце Мицковски од Сопотница вработен во ЈОУД „Втори Септември“ досегашен член на Советот на Општина Демир Хисар од ВМРО ДПМНЕ - коалицијата му престанува мандатот на член на Советот на Општина Демир Хисар сметано од денот на одржувањето на седницата.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

О б р а з л о ж е н и е

Гоце Мицковски член на Советот на Општина Демир Хисар со функција советник на ден 03.09.2014 година поднесе писмена оставка до Советот на Општина Демир Хисар поради постоење судир на надлежности.

При разгледувањето на оставката се констатира дека наводите се оправдани, па согласно законската регулатива се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**Бр.07- 749/3** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за избор на Верификациона комисија во состав од двајца членови и претседател**

1.Го објавувам Решението за избор на Верификациона комисија во состав од двајца членови и претседател донесено на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/2** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**232.** Врз основа на член 9 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар“ бр.03/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09.2014, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За избор на Верификациона комисија

1.Се избира Верификациона комисија за верификација на мандатот на новоизбраниот советник на општина Демир Хисар во состав:

За Претседател:
- Нада Пејковска

За членови:

-Ѓоко Василески
-Емилија Тасеска

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на општина Демир Хисар“.

**Бр.07-749/4 Совет на општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Решение за верификација на мандат на новоизбран советник на општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Решението за верификација на мандат на новоизбран советник на општина Демир Хисар донесено на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/3 Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**233.** Врз основа на член 13 од Деловникот за работа на Советот на општина Демир Хисар /“Сл. гласник на општина Демир Хисар“ бр.03/02 година/, Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09.2014 година донесе

Р Е Ш Е Н И Е
За верификација на мандат на
новоизбран советник на општина Демир Хисар

1.Се верификува мандатот на новоизбран советник на општина Демир Хисар дојден како нареден кандидат од листа на ВМРО-ДПМНЕ и тоа:

**1. Дејан Босилковски**

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07- 749/5 Совет на општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за усвојување на на Елаборат за проценка и утврдување на висина на штета од природна непогода-град која ја зафати територијата на општина Демир Хисар во атарот на с.Слепче**

1.Ја објавувам Одлуката за усвојување на Елаборат за проценка и утврдување на висина на штета од природна непогода-град која ја зафати територијата на општина Демир Хисар во атарот на с.Слепче донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/4 Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**234.** Врз основа на член 143 став 1 од Законот за заштита и спасување (Пречистен текст “Службен весник на РМ” бр.93/2012 и 41/2014), Одлуката за донесување на единствена методологија за проценка на штетите од елементарни непогоди (“Службен весник на РМ” бр.75/01), Уредбата за начинот на работа на комисиите за процена и утврдување на висината на штета настаната од природни непогоди и други несреќи (“Службен весник на РМ” бр. 98/2005 и 152/2010) и член 15 точка 10 од Статутот на општина Демир Хисар (“Службен гласник на општина Демир Хисар” бр. 3/2002, бр. 4/2005 и 7/2009), Советот на општина Демир Хисар на својата редовна седница одржана на 23.09.2014 година, донесе:

Одлука

За усвојување на Елаборатот за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природна непогода-град

Член 1.

Се усвојува Елаборатот за проценка и утврдување на висината на штетата од природна непогода-град, што ја зафати општина Демир Хисар, атарот на селото Слепче на 06.08.2014 година.

Составен дел на оваа одлука е Елаборатот од Комисијата за проценка на штети од елементарни непогоди на општина Демир Хисар.

Член 2.

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр.07-749/6 Совет на општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар донесен на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/5 Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**235.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.09.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Програмата за работа на ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на ОУ „Гоце Делчев„ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 749/7 Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина донесен на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/6 Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар *Љупчо Блажевски с.р.***

**236.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.09.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За усвојување на Програмата за работа на ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2014/2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на ОУ „Браќа Миладиновци„ с.Жван Општина Демир Хисар за учебната 2014/2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 749/8** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа за учебната 2013/2014 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Извештајот за работа за учебната 2013/2014 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар донесен на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/7** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**237.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.09.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Извештај за работа на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2013/2014 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Извештајот за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2013/2014 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 749/9** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар**

1.Го објавувам Заклучокот за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар донесен на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/8** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**238.** Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа /„Службен весник на РМ“ бр. 5/02/ и член 43 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар“бр.3/02; 4/05 и 7/09/ Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на 23.09.2014 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За усвојување на Програма за работа на СОУ „Крсте П Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година**

1.СЕ УСВОЈУВА Програмата за работа на СОУ „Крсте П. Мисирков„ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.07- 749/10 Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година Претседател**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014/2015 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар**

1.Ја објавувам Согласноста за формирање на паралелки со помал број на ученици за учебната 2014/2015 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/9 Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**239.** Врз основа на член 28 од Законот за средно образование (Службен весник на РМ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/2002, 40/2003, 42/2003 ,67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007,81 /2008, 92/2008, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11,51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14 и 135/14 ) и согласно член 43 точка 20 од Статутот на општина Демир Хисар („Службен гласник на општина Демир Хисар бр. 3/02,4/05 и 7/09 год.) Советот на општина Демир Хисар дава

**С О Г Л А С Н О С Т**

**За формирање на паралелки со помал број на ученици**

1.На СОУ„Крсте П.Мисирков„ Демир Хисар му се дава согласност за формирање на паралелки со помал број на ученици од 25.

2.Согласност се дава за следните паралелки:

**а) Гимназиска насока:**

**I година** за 2 (две) паралелки гимназиска насока со 15 и 14 ученици.
**II година** за 3 (три) паралелки гимназиска насока со 17,15 и 16 ученици.
**III година** за 2 (две) паралелки гимназиска насока со 15 и 16 ученици.

**а) Шумарско-дрвопреработувачка струка:**

**I година** за 1 (една) паралелка шумарска струка со 10 ученици.
**II година** за 1 (една) паралелка шумарска струка со 14 ученици.
**III година** за 1 (една) паралелка шумарска насока со 12 ученици.
**IV година**, за 1 (една) паралелка шумарска струка со 7 ученици.

3.**Согласноста важи за учебната 2014/15 година**.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

СОУ„ Крсте П.Мисирков„Демир Хисар до Советот на општина Демир Хисар поднесе Барање број 03-282/1 од 15.09.2013 година за работа на паралелки со помал број на ученици од 25 .

Согласно законските надлежности Советот на Општина Демир Хисар разгледувајќи го поднесеното барање дава согласност за работа на горенаведените паралелки.

**Бр. 07-749/11 Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година Претседател,**
**Демир Хисар Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Програмата за УП на општина Демир Хисар за 2014 година**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на програмата за УП на општина Демир Хисар за 2014 година донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/10** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**240.** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 17 од Законот за просторно и урбанистичко планирање( Сл.весник на РМ бр. 70/2013; 55/2013; 163/2013), член 15 и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**

***За изменување и дополнување на ПРОГРАМАТА за донесување на урбанистичките планови за Општина Демир Хисар за 2014год.***

**Член 1**

Во членот 1 од Програмата за урбанистички планови за општина Демир Хисар за 2014год., глава IV, по точката 11 се додава нова точка 12 која се однесува на :

- Изработка на ЛУПД за изградба на деловен објект на КП бр. 1098, КО Загориче, станица за Технички преглед на моторни возила, с. Загориче, Демир Хисар, по барање на „АЛЕК ТА КОМПАНИ“ од Битола,

**член 2**

Измените на Програмата влегуваат во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на општина Демир Хисар.

**Бр. 07-749/12** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /,,Службен гласник на Општина Демир Хисар,, бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за отпочнување со изработка на ЛУПД со намена деловна на КП.бр.1098 КО Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за отпочнување со изработка на ЛУПД со намена деловна на КП.бр.1098 КО Демир Хисар донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/11** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**241.** Врз основа на член 22 став 1 точка 1 и точка 2 и член 36, став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа ( Сл.весник на РМ бр. 5/02), а во согласност со член 50а од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 70/2013; 55/2013; 163/2013), и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар (Сл.гласник на Општина Демир Хисар бр. 3/2002год.), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09.2014 год. донесе

**О Д Л У К А**

***за отпочнување на изработка на ЛУПД за изградба на деловен објект на КП бр. 1098, КО Загориче***

**член 1**

Се отпочнува со изработка на ЛУПД за изградба на градби со деловна намена Б, со опфта за КП бр. 1098, КО Загориче, со вкупна површина од 32171м$^2$ и се однесува на Станица за технички преглед на моторни возила. Барањето-

иницијативата е поднесена од страна на на „АЛЕК ТА КОМПАНИ“ од Битола,

Согласно чл. 17 став 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, финансирањето на плановите од Програмата, може да биде од страна на правни и физички лица, чии што програмски барања и подрачја на интерес се прифатливи за општините.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во Сл. Гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр. 07-749/13** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на општински патишта во општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за измени и дополнување на Одлуката за утврдување на општински патишта во општина Демир Хисар донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/12** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**242.** Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ„ бр 5/2002 год.), како и член 43 од Статутот на Општина Демир Хисар ( „Сл. гласник на општина Демир Хисар„бр. 3/2002 год.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09..2014 година донесе

**О Д Л У К А**

**За изменување и дополнување на одлуката за утврдување на општински патишта во општина Демир Хисар**

**Член 1**

Се донесува ОДЛУКА за изменување и дополнување на одлуката за утврдување на општински патишта во општина Демир Хисар Бр. 07-831/8 од 15.11.2011 година и тоа:

- во член 2 во табелата по реден број 45 се додава нов патен правец и тоа:

| Р.бр. | ознака | Патен правец | км |
|---|---|---|---|
| 46. | Л601101246 | Врска Р1306- манастир „Св.Атанасиј„ Журче | 3,00 |

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник„ на општина Демир Хисар.

**Бр. 07-749/14** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Програмата за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2014/2015**

1.Ја објавувам Програмата за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општина Демир Хисар за сезона 2014/2015 донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/13** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**243.** Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа ( „Службен весник на РМ„ бр 5/2002 год.), член 34 од Законот за јавни патишта( „Службен весник на РМ„ бр 84/2008 год.), член 2 од Законот за јавна чистота( „Службен весник на РМ„ бр 111/2008 год.), како и член 43, став 1, точка 21 од Статутот на Општина Демир Хисар ( „Сл. гласник на општина Демир Хисар„бр. 3/2002 год.), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09..2014 година донесе

**ПРОГРАМА**

За одржување на проодноста на општинските патишта и улици во
зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар за сезона **2014/2015** година

**1.** Со критериумите предвидени за оваа Програма поблиску се определуваат начинот на планирањето и извршувањето на работите за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар.

**2.** Општинските патишта на подрачјето на општината Демир Хисар определени се со Одлука на Советот на општината Демир Хисар **бр.07-831/8** од **15.11.2011** година.

**3.** За приоритетни патишта од прв ред се определуваат оние патни правци каде е организиран патен сообраќај и превоз на ученици.

Приоритетни патишта од прв ред на подрачјето на општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:

| Ред. бр. | Патен правец | Должина во км | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег.пат Р1305 - Смилево | 10 | |
| 2 | Врска рег.пат Р1305 - Стругово | 2,5 | |
| 3 | Врска Стругово-Загориче | 2 | |
| 4 | Врска рег.пат Р1305- Вардино-крак Суводол | 1,5 | |
| 5 | Врска рег.пат Р1305 - Кутретино | 2 | |
| 6 | Врска рег.пат Р1305 - Слепче | 2 | |
| 7 | Врска рег.пат Р1305 - Вардино | 5 | |
| 8 | Врска рег.пат Р29371 - Слоештица | 4 | |
| 9 | Врска рег.пат Р29371 - Вирово | 3 | |
| 10 | Врска рег. пат Р1306 - Журче | 0,5 | |
| | **ВКУПНО:** | **32,5** | |

Приоритетни патишта од втор ред на подрачјето на општина Демир Хисар прикажани се во следнава табела:

| Ред. бр. | Патен правец | Должина во км | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Врска рег. пат Р1305 - Зашле | 11 | |
| 2 | Врска рег. пат Р1305 - Мало Илино | 5 | |
| 3 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта | 12 | |
| 4 | Врска рег. пат Р1305 - Базерник | 5 | |
| 5 | Врска рег. пат Р29371 - Мренога | 1 | |
| 6 | Врска рег. пат Р2339 - Единаковци | 1 | |
| 7 | Врска рег. пат Р2339 - Света | 1 | |
| 8 | Врска рег. пат Р1305 - Жван | 1,5 | |
| 9 | Врска рег. пат Р1305 - Радово (крак Суво Грло) | 1 | |
| 10 | Врска рег. пат Р1305 - Велмевци | 1,5 | |
| 11 | Врска рег. пат Р1305 - Сопотница | 1 | |
| 12 | Врска рег. пат Р1305 - Железнец | 0,5 | |
| 13 | Врска рег. пат Р1305 - | 0,5 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Железничка станица | | |
| 14 | Врска рег. пат Р1306 - Сладуево | 0,5 | |
| 15 | Врска рег. пат Р2339 - Вардино | 1,5 | |
| 16 | Врска рег. пат Р2339 - Бараково | 0,5 | |
| 17 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта (крак Ракитница) | 1,5 | |
| 18 | Врска рег. пат Р1305 - Кочишта (крак Прибилци) | 0,5 | |
| 19 | Врска рег. пат Р1305- Кочишта (крак Ново село) | 0,5 | |
| 20 | Врска рег. пат Р1305- Радово | 6 | |
| | **ВКУПНО:** | **53** | |

| **Ред. бр.** | | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Улици во населбата Демир Хисар | **10** | |

| | | |
|---|---|---|
| **СЕ ВКУПНО:** | **95,5 км** | |

**4.** Чистењето на општинските патиштата и улици ќе го врши претпријатие кое ќе биде избрано преку јавен тендер согласно Законот за јавни набавки и со кој ќе биде склучен договор.

**5. Празни одови се групираат како следува:**

| **Ред. бр.** | | **Должина во км** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Смилево,Стругово,Суводол, Вардино,Слепче | 6 | |
| 2 | Света,Единаковци, | 8 | |
| 3 | Велмевци , Мало Илино, Базерник, Зашле, С.Грло, Кочишта | 20 | |
| 4 | Сладуево, Журче | 2 | |
| 5 | Вирово, Мренога | 4 | |

**6.** При наврнување на снег на патиштата со поголема височина, по наредба на Штабот за заштита и спасување на општина Демир Хисар се вклучуваат локални фирми кои располагаат со соодветна механизација.

**7.** Чистењето на снегот од тротоарите, покривите на станбените и деловните објекти, пристапните патишта, двориштата и паркиралиштата, задолжително ги чистат сопствениците без разлика дали се правни или физички лица.

**8.** Чистењето на снегот почнува во првите моменти на заврнувањето односно после наврнувањето на снег во висина од **10 см.**

**9.** Средствата за чистење на снегот ги обезбедува општина Демир Хисар согласно **Годишната програма за изградба, реконструкција и одржување на општинските патишта и улици.**

Доколку има потреба за повеќе пати чистење на снег на патиштата од оваа Програма потребно е да се обезбедат дополнителни средства со помош на Советот на општината.

**10.** Надзор над состојбата на патиштата и следење на извршувањето на оваа програма го врши лицето назначено од Градоначалникот на општината Демир Хисар.

**11.** За следење на состојбата на патиштата се ангажираат две возила Лада НИВА- 1 од **ЈП „ Македонски шуми„ подружница „Бигла„ Демир Хисар** и 1 од **ОВР Демир Хисар**.

**Бр. 07-749/15** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /„ Службен весник на РМ„ бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на Општина Демир Хисар /„Службен гласник на Општина Демир Хисар„ бр. 3/02; 4/05 и 7/09 година/, донесувам

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлуката за донесување на општ акт за село Слоештица Општина Демир Хисар**

1.Ја објавувам Одлуката за донесување на општ акт за село Слоештица Општина Демир Хисар донесена на 23-тата седницата на Советот на Општина Демир Хисар одржана на 23.09.2014 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

**Бр.08-784/14** **Општина Демир Хисар**
**24.09.2014 година** **Градоначалник**
**Демир Хисар** ***Љупчо Блажевски с.р.***

**244.** Согласно член 78 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 51/05; 137/07; 91/09; 124/10; 18/11; 53/11; 144/12; 55/13; 163/13; 42/14 ) и член 43 точка 42 од Статутот на општина Демир Хисар (Сл.гласник на општина Демир Хисар бр.3/02), Советот на општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 23.09.2014 година донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Опш акт за село Слоештица**

Член 1
Се донесува Општ акт за село Слоештица, Демир Хисар, со плански опфат од 20,68 ха, заради уредување на начинот на изградба во селата кои немаат урбанистичка документација. Потребата од донесување на Општ акт за село Слоештица е утврдена со Програмата за изработување на Општ акт за општина Демир Хисар за 2014 година донесена од Советот на општината, Бр.07-527/3 од 20-06-2014 год. За Општиот акт за село Слоештица Одобрена е Предлог-Одлуката за изготвување на Општ акт за село од страна на Комисијата формирана од Градоначалникот на општина Демир Хисар бр.11-15 од 23-07-2014 год. И донесена е Согласност од страна на Министерството за транспорт и врски, Бр.14-12125/2 од 17-09-2014 година.

Член 2
Општиот акт за село Слоештица е изработен од „Иванов инжинеринг“ од Битола со техн.број У03-07/14 од август 2014 год. Општиот акт содржи: Извод од предходно изготвена планска документација, пошироко опкружување на селото и графички приказ за село. Во рамките на планскиот опфат за село Слоештица утврдени се групи на класи на намени и тоа: класа А-домување, класа В-јавни институции, класа Г-производство, дистрибуција и сервиси, класа Д-зеленило спорт, реконструкција и меморијални простории и класа Е-инфрастеуктура. Текстуалните одредби за начинот на реализација на општиот акт се составен дел на оваа Одлука.

Член 3
Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе биде објавена во Службен Гласник на општина Демир Хисар.

Доставено до:
-архивата

**Бр. 07-749/16** **Совет на Општина Демир Хисар**
**23.09.2014 година** **Претседател,**
**Демир Хисар** **Јосиф Ристевски с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

1.Решение за престанување на мандатот член на Совет на Општина Демир Хисар на советникот Гоце Мицковски-----------1
2. Решение за избор на Верификациона комисија во состав од 2 члена и претседател---------------------------------------------1-2
3. Решение за верификација на мандат на советник за член во Советот на Општина Демир Хисар---------------------------------2
4. Одлука за усвојување на Елаборат за проценка и утврдување на височината на штетата од природна непогода-град која ја зафати територијата на општината Демир Хисар, во атарот на село Слепче--------------------------------------------------------------2-3
5.Заклучок за усвојување на Програмата за работа за учебната 2014/2015 година на ОУ „Гоце Делчев“ Демир Хисар-----------3
6.Заклучок за усвојување на Програма за работа за учебната 2014/2015 година на ОУ „Браќа Миладиновци“ с.Жван, општина Демир Хисар-------------------------------------------------------------3-4
7.Заклучок за усвојување на Извештај за работа за учебната 2013/2014 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар--4
8.Заклучок за усвојување на Програма за работа за учебната 2014/2015 година на СОУ „Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар-4-5
9. Согласност за работа на паралелки со помал број на ученици во СОУ„Крсте П. Мисирков“ Демир Хисар за учебната 2014/2015 година-----------------------------------------------------------------5
10. Одлука за измени и дополнување на Пограмата за УП на општина Демир Хисар за 2014 година------------------------------6
11. Одлука за отпочнување со изработка на ЛУПД со намена деловна на КП.бр.1098 КО Демир Хисар-----------------------------6-7
12. Одлука за измени и дополнување на одлуката за утврдување на општински патишта во општина Демир Хисар-----------------7
13. Програма за одржување на проодноста на општинските патишта и улици во зимскиот период на подрачјето на општината Демир Хисар за сезона 2014/2015 година-----------8-9
14. Одлука за донесување на општ Акт за село Слошетица------10

**Издава: Општина Демир Хисар,ул.Битолска б.б.**
**тел.047/552-661**
**Градоначалник.**
**Љупчо Блажевски**
**Компјутерска обработка: Виолета Пајковска**